СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-6272/6
02.11.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на Првата Конститутивна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 02.11.2021 година.

РИСТО САКАЛИЕВ: ПОЧИТУВАНИ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПОЧИТУВАН ГРАДОНАЧАЛНИК, ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА, МЕДИУМИ.

Чест и задоволство ми е да ја отворам Првата Конститутивна седница на новоизбраниот Совет на Општина Кавадарци.

Ја користам приликата да им честитам на изборот на Градоначалникот на Општина Кавадарци г-динот Митко Јанчев и на моите колеги-новоизбраните членови на Советот на Општина Кавадарци и во исто време да им посакам успешна и плодна работа.

Го повикувам најстариот по возраст член на Советот , Весна Ѓорѓиева да претседава со седницата на Советот, која согласно Деловникот за работа на Општина Кавадарци има задача да ја врши функцијата до изборот на Претседател на Советот на Општина Кавадарци. Колешке повели.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: ДОБАРДЕН. ПОЧИТУВАН ГРАДОНАЧАЛНИК, ПОЧИТУВАНИ КОЛЕГИ СОВЕТНИЦИ, ПОЧИТУВАНА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА, ПОЧИТУВАНИ МЕДИУМИ И ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

Чест и задоволство ми е да претседавам со Првата Конститутивна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес, се до изборот на Претседател на Советот.

Пред да почниме со работа најпрво сакам да му го честитам мандатот на Градоначалникот на Општина Кавадарци г-динот Митко Јанчев и изборот на моите колеги советници во новиот состав на Советот на Општина Кавадарци.

Врз основа на евиденцијата на Општинската администрација, констатирам дека на седницата се присутни сите 19 членови, чии мандати се очекува да бидат верифицирани на денешната седница, па според тоа Советот може да работи и полноважно да одлучува.

**Почитувани членови на Советот, за денешната седница на Советот на Општина Кавадарци е предложен следниот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог- Решение за избор на Верификациона Комисија;
2. Извештај на Верификациона Комисија за верификација на мандатите на членовите на Совет на Општина Кавадарци;
3. Предлог- Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Кавадарци;

- Давање и потпишување Свечена изјава од новоизбраните членови на Советот на Општина Кавадарци;

4. Предлог - Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања;
5. Предлог - Решение за избор на Претседател на Совет на Општина Кавадарци.

Дали има некој предлог за измена и дополнување на предложениот дневен ред .Нема благодарам.

Кој е „ЗА„предложениот дневен ред, да крене рака ?
Благодарам.

Констатирам дека вака предложениот дневен ред е усвоен и можеме да преминеме на претрес на точките по усвоениот дневен ред.

**Точка 1 - Предлог- Решение за избор на Верификациона Комисија;**

За да може Советот да работи и полноважно да одлучува, потребно е, согласно позитивните законски прописи да се изврши верификација на мандатите за членовите на Советот на Општина Кавадарци.

Мандатите на членовите на Советот ги верифицира Советот на Првата Конститутивна седница по предлог на Верификационата Комисија, што се избира во составот од членовите на Советот.

Согласно член 8 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, Верификационата комисија се состои од Претседател и двајца членови.

Предлагам за Верификационата Комисија да се изберат следниве членови:

За Претседател Филип Тасев
За членови 1. Горан Кузмановски
2.Веса Богева

Отварам претрес по предлогот.

Молам дали има некој за збор.

Бидејки никој не бара збор, претресот го заклучувам и предлогот го ставам на гласање.

Кој е „ЗА„ ,ПРОТИВ„? 18 за, 1 е воздржан.

Констатирам дека Советот на Општина Кавадарци изврши избор на Верификациона Комисија во состав:

За Претседател Филип Тасев
За членови 1. Горан Кузмановски
2. Веса Богева

Предлагам пауза од 10 минути за да може Верификационата Комисија да се повлече, да ја разгледа потребната документација за верификација на мандатите и да поднесе Извештај со Предлог - Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот.

(По паузата седницата продолжува.)

Почитувани колеги премеинуваме на точка 2.

**Точка 2. Извештај на Верификациона Комисија за верификација на мандатите на членовите на Совет на Општина Кавадарци;**

Го молам Претседателот на Верификационата Комисија Филип Тасев да поднесе Извештај за верификација на мандатите на членовите на Совет на Општина Кавадарци;

Има збор Филип Тасев.

ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Градоначалник, Почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани . Врз основа на член 9 од Деловникот на Советот на Општина Кавадарци Верификационата Комисија на Совет на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 02.11.2021 година поднесува Извештај за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Кавадарци избрани на локални избори 2021 година, одржани на 17.10..Верификационата Комисија во состав на Претседателот Филип Тасев, членови Горан Кузмановски и Веса Богева изврши увид во доставувањето на доставените уверенија од страна на членовите на Советот за нивниот избор и утврдување на нивниот

идентитет и констатира дека за членови на Советот на Општина Кавадарци се избрани: Стојанчо Рамов од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ,Тони Нешковски од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ, Весна Ѓорѓиева од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ,Перо Николов од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ, Диме Коцевски од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ,Марина Крстева од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ, Филип Тасев од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ, Горан Кузмановски од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ,Ружица Ристов од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ,Ратка Росоманска од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ, Валентина Бањанска од Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од Социјалдемократскиот Сојуз, Вуко Мелов од Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ,Веса Богева од Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ, Павле Маневски од Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ,Даниела Ивановска од од Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ, Ристо Сакалиев од Група избирачи Ристо Сакалиев,Зоран Спиров од Група избирачи Ристо Сакалиев, Круме Богев од политичка партија Левица,Јован Златевски од Група избирачи Јован Златевски.

Согласно доставено известување од страна на Општинската Изборна Комисија со број 10-6356/1 од 01.11.2021 година избраниот член на Совет на Општина Кавадарци Диме Коцев од Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ поради неспоивост на две функции има доставено допис до Општинската Изборна Комисија за откажување од мандатот како член на Совет на Општина Кавадарци.

Согласно Одредбите од член 155 став 1,2 и 3 од Изборниот Законик на Република Северна Македонија со право на мандат на член на Совет се стекнува наредниот кандидат од листата, односно кандидатот Даниела Ивановска од Коалицијата Најдоброто за мојата општина предводена од СДСМ. Со допис, известување број 11-239/2 од 01.11.2021 година Даниела

Ивановска писмено ја известила Општинската Изборна Комисија дека го прифаќа мандатот за член на Совет на Општина Кавадарци .

Врз основа на спроведените дејствија Верификационата Комисија констатира дека се исполнети условите за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Кавадарци и предлага Советот на седница да донесе одлука за верификација на мандатите на членовите на Совет на Општина Кавадарци .

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Колеги дали некој бара збор. Благодарам.

Кој е ЗА, молам да кренат раце.

Благодарам. Сите 19 советници едногласно.

Констатирам дека е усвоен Извештајот за верификација на мандатите на членовите на Совет на Општина Кавадарци

**Точка 3 - Предлог- Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Кавадарци;**

Го молам Претседателот на Верификационата Комисија да ја прочита Предлог - Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот.Ова беше Извештај , а сега Предлог – Одлуката е.

ФИЛИП ТАСЕВ: Верификационата Комисија за членови на Совет на Општина Кавадарци ги предлага: Стојанчо Рамов,Тони Нешковски, Весна Ѓорѓиева,Перо Николов,Диме Коцевски, Марина Крстева, Филип Тасев,Горан Кузмановски, Ратка Росомански,Ружица Ристов,Валентина Бањанска,Вуко Мелов, Веса Богева,Павле Маневски, Даниела Ивановска, Ристо Сакалиев,Зоран Спиров,Круме Богевевски и Јован Златевски.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА Благодарам. Дали некој бара збор.

Бидејки никој не бара збор, Предлог- Одлуката ја ставам на гласање.

Едногласно е прифатена од сите 19 советници.

Констатирам дека Предлог - Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот е усвоена и дека на советниците им е верификуван мандатот за членови на Советот на Општина Кавадарци.

Со верификацијата на мандатот, членовите на Советот се стекнуваат со права и должности утврдени со Законот, Статутот и Деловникот за работа.

Согласно член 38 од Законот за локална самоуправа - Новоизбраните членови на Конститутивната седница на Советот даваат и потпишуваат Свечена изјава.

Ги молам членовитесите на Советот да станат и да дадат Свечена изјава. (повторувајте по мене).

„Јас (Весна Ѓорѓиева, секој кажете си го своето име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ке ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, Законот, Статутот и Одлуките на Советот и дека ке го штитам уставниот поредок на Република Македонија „

Ве молам потпишете ги Свечените изјави.

ВУКО МЕЛОВ:Почитувани колеги советници, Почитувани граѓани, медиуми мислам дека од Претседавачот на Совет не е коректно пошто на Изјавата не беше прочитана доследно како што е наведена , мислам дека не е коректно од ваша страна да потпишувате Изјава која што е наведено Уставното име, а читате сосема спротивно . Мислам дека е некоректно од ваша страна. За тоа беше само замерката.Фала.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Благодарам. Процедурално.
КРУМЕ БОГЕВ: Почитувани колеги советници,Почитуван Градоначалник, почитувани претставници на медиумите и граѓани.Значи во Статутот на Општината член 38 пишува дека новоизбраните членови на Конститутивната седница на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава која гласи:
Јас име и презиме свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ке ги вршам совесно и дека при нивното вршење ке ги почитувам Уставот, Законот, Статутот и Одлуките на Советот и дека ќе го штитам Уставниот поредок на Република Македонија, но има и Статутарна измена потпишана од Градоначалникот каде што во целиот текст на Статутот на Општината се заменуваат зборовите Република Македонија со зборовите Република придавка Македонија , но ова се однесува само на интегралниот текст од Статутот и не на цитатот кој што пред малку го прочитав и според кој што дадовме свечена изјава . Исто така и во Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци имаме во Деловникот во член 15 мислам дека беше, да нема неизменета Изјава која вика вака:
Јас име и презиме свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ке ги вршам совесно и дека при нивното вршење ке ги почитувам Уставот, законот, и прописите на Советот и дека ке го штитам уставниот поредок на Република Македонија.
Јас како член на Советот на Општина Кавадарци ја пречкртав придавката пред Македонија и мислам дека Претседавачот на седницата не направи грешка . Фала.
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА:Јас добро еве свечената изјава сите ви е потпишана како официјален документ . На свечената изјава пише Северна Македонија . Тоа што јас не го употребив лично, тоа е мое право.

Јас (Весна Ѓорѓиева,) Повторувајте. Свечено изјавувам дека правата и должностите на Советот ке ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, Статутот и Одлуките на Советот и дека ке го штитам уставниот поредок на Република Северна Македонија „

**Точка 4 -Предлог- Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања;**

Согласно член 16 од Деловникот - Советот на Првата седница, веднаш по верификацијата на мандатите избира Комисија за

мандатни прашања, избори и именувања, чиј број го утврдува Советот.

Предлогот на кандидати за членови на Комисијата содржи онолку кандидати колку се избираат членови на Комисијата.

Во Комисијата треба да се обезбеди пропорционална застапеност на сите политички партии кои партиципираат во Советот на Општината.

Да ги прочитам сега кои се предлозите.

За Комисија на мандатни прашања, избори и именувања се предлагаат:

За Претседател 1.Перо Николов
За член 2.Стојанчо Рамов
3. Ратка Росоманска
4. Ружица Ристов
5.Диме Коцевски
6.Валентина Бањанска
7.Даниела Ивановска
8.Вуко Мелов
9.Зоран Спиров

Ако сакате ќе ги ставиме .Не, не Добро еве нема проблем, нека одат уште двајца од Левица и од Јован Златевски, колегата од Левица и од Група избирачи Јован Златевски.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Пропорционално нека одат.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Пропорционално.Не е определено. Нека бидат пропорционално.Секако пауза ќе дадиме .Пауза.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Одиме повторно на точка 4.

**Точка 4 -Предлог- Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања;**

Согласно член 16 од Деловникот , Советот на првата седница веднаш по верификацијата на мандатите избира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, чиј број го утврдува Советот.

Предлог на кандидати на членови на Комисијата се следниве.Да ги прочитам сега:

За Претседател 1.Перо Николов
За член 2.Стојанчо Рамов
3. Ратка Росоманска
4. Ружица Ристов
5.Диме Коцевски

6.Весна Ѓорѓиева
7.Валентина Бањанска
8.Даниела Ивановска
9.Вуко Мелов
10.Зоки Спиров
11.Круме Богевски

Ве молам дали има некој за збор за ова.

Кој е „ЗА„ молам да крене рака.

Благодарам.Едногласно беше прифатен предлогот за Комисијата за мандатни прашања во претходниот состав, да не ги читам пак , нема потреба мислам дека . Е сека после ова мислам дека следува 15 минути пауза за да се разгледат и да се продолжи заради неопходните консултации за предлогот на кандидати за Претседател на Советот.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Продолжуваме колеги со работа .Го молам Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања да ги поднесе предлозите за кандидат за Претседател на Советот. Има збор г-динот Перо Николов.

ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Почитувани колеги , почитувани медиуми и граѓани .

Согласно член 19 од Деловодникот на Советот на Општина Кавадарци Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања доставува Предлог – Листа за кандидати за избор на претседател на Совет на Општина Кавадарци.

За претседател на Советот на Општина Кавадарци се предлагаат следниве кандидати Валентина Бањански , д-р Стојанчо Рамов.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Благодариме .Отварам претрес по предлогот на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања.

Молам кој бара збор? Повели колега .Вуко Мелов.

ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, почитувани граѓани советниците од СДСМ и коалицијата врз основа на член 18 , став 1 имаат право да доставиме наш предлог за Претседател на Советот на Општина Кавадарци. Нашиот предлог е Валентина Бањанска.Ја предложивме Валентина Бањанска заради тоа што сметавме дека е најсоодветниот кандидат, а Претседателот на Совет треба да ги води седниците врз основа на Деловникот кој што е за работа , а сметаме дека Деловникот е материја којашто е правна и сметаме дека правник би бил најсоодветен да биде Претседател на Совет. Поради тоа сите пет советници се потпишавме на предлогот и наш предлог за Претседател на Совет е Валентина Бањанска .Ви благодарам.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Благодарам. Повели колега Тони.

ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитувани граѓани на Општина Кавадарци, Почитуван Градоначалник на Општина Кавадарци г-дин Митко Јанчев, почитувани колеги советници, медиуми и останати присутни.Како советничка група предводеена од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата наш предлог за Претседател на Совет е д-р Стојанчо Рамов, човек со кредибилитет, човек познат во општеството и познат во Општина Кавадарци мислам дека како личност ќе одговори достојно и правилно на оваа функција . За тоа ја има максималната подршка од страна на нашата советничка група предводена од ВМРО ДПМНЕ .Очекувам и останатите советници да се изјасните позитивно околу нашиот предлог. Ви благодарам.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Благодарам .Дали некој друг бара збор?

Одиме на гласање.Одиме по првиот предлог за кандидатот за Претседател на совет Валентина Бањанска .

Кој е за? Секој има право еднаш да гласа колеги.

За предлогот предложен од Социјалдемократскиот Сојуз и Коалицијата Валентина Бањанска гласаа 7 советници.

Го ставам предлогот за гласање на Стојанчо Рамов. Колеги кој е за?

10 за и 2 воздржани .

Констатирам дека кандидатот Стојанчо Рамов доби 10 гласови со тоа констатирам дека кандидатот Стојанчо Рамов го доби потребното мнозинство гласови и е избран за Претседател на Советот на Општина Кавадарци .

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Му честитам на изборот на Претседателот на Совет г-дин Стојанчо Рамов и повелете Претседателе да се претставите .

СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитуван Градоначалник на Општина Кавадарци г-дин Митко Јанчев, Почитувани советници, Почитувани вработени во општинската администрација, Почитуван претходен Претседател на Совет на Општина Кавадарци г-дин Ристо Сакалиев, Почитувани медиуми.

Сакам да ви се заблагодарувам за честа и довербата која ми ја дадовте да бидам Претседател на Советот на Општина Кавадарци во наредните 4 години . Функцијата Претседател на Совет ја сваќам како можност да придонесам за развој и посветла иднина и просперитет на нашата општина, како и подобар живот за сите граѓани без разлика на политичка, верска, национална и било каква друга определба . Со целиот свој капацитет и морален интегритет ќе работам да нема

наметнување на волјата на мнозинството над малцинството во Советот на Општина Кавадарци . Едно кратко обраќање до опозицијата која исклучително ја ценам бидејќи е многу потребна . Секоја опозиција е потребна да биде коректив на власта, бидејќи знаеме што значи да немаме конструктивна опозиција или воопшто да не постои опозиција , тогаш власта може да направи повеќе грешки, отколку што е потребно . Му честитам на нивните мандати и очекувам да бидат конструктивни. Немам намера советот да биде затворен круг во кој ќе си зборуваме самите со себе и самите себе ќе се слушаме . Советот мора да го заземе местото кое му припаѓа, односно граѓаните ќе не почитуваат онолку колку што сами себе ќе се почитуваме и колку ќе ја почитуваме институцијата во која сме избрани .

Почитувани Советот ќе работи чесно и одговорно и ќе биде коректив и голема помош во работата на Градоначалникот и на општинската администрација. Ви ветувам интересот на граѓаните ќе биде на прво место , а не интерсот на моќниците . Нема да дозволам злоупотреба на говорницата , Деловникот и правилата на работа во Советот од ничија страна .

Почитувани колеги потребна е искрена, отворена соработка меѓу сите советници во Советот во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци. Ве повикувам да работиме заедно чесно, искрено и конструктивно и во наредните 4 години да донесиме одлуки кои ќе донесат добробит и прогрес на Општина Кавадарци .

Ве уверувам сите вас членови на Совет, граѓански здруженија , граѓански иницијативи и сите поединци граѓани дека во наредниот четиригодишен мандат ќе го почувствувате духот на демократијата во овој храм. Ви благодарам.

Бидејќи е исцрпен Дневниот ред на денешната седница му давам збор на Градоначалникот г-динот Митко Јанчев да ви се обрати .

ГРАДОНАЧАЛНИК:Почитувани сограѓани, почитувани медиуми сакам денеска тука пред се да им ја честитам верификацијата и мандатот на сите советници .

Сакам да се заблагодарам на претходните советници кои што во претходниот мандат работевме заедно , на претходниот Претседател на Советот и нормално да честитам избор на Претседател за г-дин Стојанче Рамов и да му посакам успешна и плодна соработка со советниците , со целокупните структури на општината и во интерес на Општина Кавадарци .

Денеска со коституирањето на Совет , со бирањето на Претседателот имаме комплетно право на дејствување и делување на Советот на Општина Кавадарци , кој што е еден нераскинлив дел од Општината и нераскинлив дел од Градоначалникот за да и Програмата како Општина и сите граѓани кои што очекуваат од нас да можеме да коректно го вратиме назад она што им треба во општеството . Како што и ветивме постизборно , така и денеска ќе потврдам одтука дека јас како Градоначалник преку вас советниците и преку Претседателот на Советот ќе ги пласирам сите проекти во интерес на граѓаните и она што значи годишна програмска работа, долгогодишни програми коишто ќе ги развиеме во овој четиригодишен мандат, буџетирање, домаќинско, економско работење, се во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци .

Морам да потикнам една работа и да ви биде мотивација . Претходниот Совет имаше многу плодна соработка, како Совет имаше донесено повеќе од 1700 Одлуки во Општина Кавадрци , многу Правилници, многу усогласувања, одржани над 75 седници 6 вонредни , така да тоа е еден максимум досега кој што беше како Совет направен. Јас ве повикувам денеска да со заедничкото работење и со проектите и потребите на Општината да ние го надминеме и тој дел во делот на советите со дневни редови коишто се во интерес на Општина Кавадарци.

Уште еднаш честитки и пред се како веќе четиригодишен функционер во Општина Кавадарци и Градоначалник имам за право да кажам дека имам стекнато искуство во јавниот сектор и застапување на граѓаните .Во делот на она што вие ќе го пласирате од оваа говорница, во делот на она што вие ќе хиераски поздравувате според член и Устав и во делот на она што вие ќе работите одтука и каква топла насмевка и добробит

ќе пренесете према граѓаните и према службите, таква Општина и ќе бидеме. Со гнев и со омраза и со омаловажување и со надмудрување се стига до дното. Некој го постигнал дното , не треба повеќе да се тони, треба заеднички да се работе. Сакам да ве повикам на едно единство . Сите сме Кавдарчани, Македонци, во интерес на Општина Кавадарци . Она што го ветувавме предизборно да го исполниме за граѓаните , а не во докажување на лични интереси или во интересите на застапувањето на сопственото его, премали сме за да имаме такви ега , суети и сите други. Ние сме во Општина од 40 000 жители, една домаќинска општина, земјоделска општина, со 4% невработеност, со 95% извршување на буџетот, со финансиска добра конструкција, со многу проекти европски и во моментот од наредниот совет ќе ви бидат соопштени сите европски UNDP проекти , денеска и од TAFT прогамата 2 проекти се добиени, коишто Општина Кавадарци ги добива токму врз основа на домаќинското, транспарентното, објективното и правилното работење . Благодарам.

СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници бидејќи е исцрпен дневниот ред на денешната Прва Конститутивна седница истата ја затворам.

Изготвил: Анета Рамова

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Весна Ѓорѓиева**